ОПШТИНА БИТО

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 година бр.09-125/17 од 23.12.2016, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33, м.в. Хектари, КО Горно Оризари – Општина Битола**

Јавната Презентација по Предлог ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП бр. 33, м.в. Хектари, КО Горно Оризари, Општина Битола, ќе се одржи на ден 06.04.2017 г. (четврток) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Границата на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП бр. 33, м.в. Хектари КО Горно Оризари, Општина Битола е формирана во западниот дел на парцелата по границите на предметната парцела претставена на графичкиот прилог.

Графичкиот прилог од Предлог ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП бр. 33, м.в. Хектари КО Горно Оризари, Општина Битола, ќе биде изложена на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.04.2017 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 2,6 ха.

**Јавната Анкета по Предлог ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33, м.в. Хектари, КО Горно Оризари – Општина Битола, ќе трае 8 работни денови почнувајќи од 06.04.2017 год. заклучно со 19.04.2017год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-311/3
31.03.2017 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk